

Горан Момироски По 22 часот со уредна дозвола за движење во полициски час лично се уверив дека премиерот Заев ноќва е во прекрасен хотел во Јанче.

Не ги објавувам снимките затоа што се од неговата соба во хотелот и затоа што имам достоинство.

А како може да вози мотори и да оди по хотели додека народот му умира и се мачи да добие за легло во ковид центрите тоа нека си го одговори пред Бога ако утре појде во Св. Јован Бигорски да запали свеќа за здравје.

Посебна приказна е колку е лежерен да седи без завеси во собата додека низ светов шетаат 215 криминалци што неговата влада наводно ги пријавила во Интерпол а ДЕА му апси шефови на полиција и возачи на негови најблиски роднини и бизнис партнери.

Жалам ако им го расипав прекрасниот викенд на премиерот и неговиот министер за здравство кои вечерва додека стотици луѓе се борат за воздух пијат убаво вино покрај Радика.

Не е само Радика таа што нема да им заборави...